ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА
MUNICIPALITY OF GEVGELIJA

Врз основа на член 86 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.05/02), член 143 став (1) алинеа 5 и член 144 став (1) алинеа 1 од Статутот на општина Гевгелија („Службен гласник на општина Гевгелија" бр.25/06, 08/10 и 18/14год.), Градоначалникот на општина Гевгелија објавува

# КОНКУРС

## За финансиска поддршка на Програмите на Месните заедници во општина Гевгелија за организирање културни активности во 2020 година

### член 1

Градоначалникот на општина Гевгелија распишува Конкурс за финансиска поддршка на Програмите на Месните заедници во општина Гевгелија за организирање културни активности во 2020 година.

Основни цели на оваа Програма е поддршка на културните и другите активности организирани од месните заедници во населените места.

Месните заедници како облици на месна самоуправа, покрај другите обврски, се грижат и за културното живеење на граѓаните на своето подрачје.

Културните дејности, програми, манифестации и финансиските средства за нивна реализација се утврдуваат со годишна програма и со Буџетот на општина Гевгелија за 2020 година.

### Член 2

На Конкурсот имаат право да учествуваат сите **активни** месни заедници, со легитимни органи на управување, коишто ги претставуваат интересите на жителите од своето населено место.

### Член 3

Пријавувањето на Конкурсот се врши со доставување на пополнета пријава (апликација) во два истоветни примерока.

Апликантите (месните заедници), покрај пријавата, задолжително треба да достават:

- Потврда за отворена и активна жиро сметка на име на физичко лице - претставник на месната заедница.

По потреба, апликантите во прилог треба да достават и други документи поврзани со проектната програма.

Пријавите (апликациите) може да се подигнат во општина Гевгелија.

**Член 4**

Конкурсот ќе се објави на 19.11.2019 година и ќе трае заклучно до 19.12.2019 година, односно 31 ден од денот на објавувањето.

Пријавите треба да се достават до општина Гевгелија, преку пошта на адреса: ул. „Димитар Влахов“ бр.4, 1480 Гевгелија, или во архивата на општина Гевгелија, најдоцна до 16:00 часот на последниот ден од завршувањето на Конкурсот (19.12.2019г.), со назнака „**Конкурс за финансиска поддршка на Програмите на Месните заедници во општина Гевгелија за организирање културни активности во 2020 година".**

**Напомена:** Пријавите со непотполни податоци и нецелосна документација, пријави пополнети на несоодветен образец, како и оние што нема да бидат доставени во наведениот рок, нема да бидат разгледувани.

Дополнителни информации можат да се добијат на тел. 034/213-843.

Градоначалник
на општина Гевгелија,
**М-р Сашо Поцков**

Бр.08-1905/1
19.11.2019 год.
Гевгелија